# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕН МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАЊЕТО И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2012 ДО 2019 ГОДИНА

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ

- Процентуалното учество на средствата на Министерството за здравство во централниот буџет во просек изнесува 4 %, додека пак учеството во вкупниот буџет на Република Македонија изнесува 3 %.
- Владата на РМ во периодот од 2012 до 2019 година, секоја година издвојува во просек 6.115.520.750 денари за буџетот на Министерството за здравство, кои во текот на годината ги намалува во просек за 2,3 % или за 140.354.179 денари.
- Секоја година во просек остануваат 5 % нереализирани средства од буџетот на Министерството за здравство или вкупно 308.187.102 денари, односно во просек троши 5.635.629.898 денари или 95 % од издвоените средства.
- Од издвоените буџетски средства за Министерството за здравство, 89 % се од сопствени извори, а останатите 11 % доаѓаат од надворешни извори на средства.
- Во планираниот буџет на Министерството за здравство, како и во реализацијата на средствата, најголем дел припаѓа на средствата во делот на Расходи од основен буџет, потоа на Расходи од самофинансирачки активности, Расходи од заеми и на најмалку на делот Расходи од донации.

## ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНИРАЊЕТО И РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

- Владата на РМ да осигури континуиран пораст на средствата во буџетот на Министерството за здравство, односно да издвоени доволно средства со кои ќе се задоволат во целост тековните потреби на граѓаните за здравствена заштита.
- Владата на РМ да го унапреди процесот на планирање и проектирање на буџетските приходи и расходи.
- Планирањето на буџетот на Министерството за здравство да се заснова на претходно спроведени анализа за состојбите во здравствениот систем и потребите на граѓаните, односно да се заснова на принципот на приоритети кој што ќе овозможи поедини групи на население да не останат надвор од здравствениот систем.
- Министерството за здравство да работи на унапредување на своите капацитети во имплементација на буџетските Програми во насока на целосна реализација на буџетот предвиден за здравствена заштита на населението.
- Потребна е поголема вклученост на граѓаните и граѓанските организации при планирањето и донесување одлуки во врска со прибирањето и планирањето на буџетските средства за здравствена заштита.
- Министерството за здравство да го зголеми нивото на транспарентност во своето работење, така што ќе ги објави сите информации кои се однесуваат на реализацијата на сопствениот буџет.

## ВОВЕД

Секоја година Владата на РМ, преку буџетите на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, издвојува средства со цел спроведување на мерки и активности за целосна здравствена заштита на граѓаните. Министерството за здравство е одговорната институција за подготовка на здравствените политики во државата и следење на нивното спроведување, како и утврдување на приоритетите во здравствената заштита за кои во тековната година ќе се издвојуваат средства од буџетот на државата и следење на функционирањето на системот за здравствена заштита. Освен ова, Министерството за здравство врши проценка на организационата поставеност на институциите во системот и потребата од процеси на преструктуирање и/или од формирање нови институции или дејности, и дополнително ја следи ефикасноста на управувањето на ФЗО, преку посебна единица.

Во рамки на извршувањето на дејноста на министерството, спроведување на политиката за здравствена заштита на населението, унапредување и зачувување на нивното здравје,  се спроведуваат бројни здравствени програми, меѓу кои и програмите за превентивна и куративна здравствена заштита, чие спроведување е од посебен интерес за Здружението ЕСЕ.

Оваа анализа дава приказ на начинот на планирање и трошење на вкупните средства кои Владата на РМ ги издвојува од буџетот на државата за буџетот на Министерството за здравство, а со цел да се утврди: трендот на движење на средствата во буџетот на министерството, промените во изворите на средствата во буџетот на министерството, капацитетите за прибирање и трошење на средствата кои се предвидени во буџетот на министерството и начинот на нивно влијание врз уживањето на основните социјални и економски права на граѓаните.

Праксата покажува дека Министерството за здравство не секогаш ефикасно и ефективно го спроведува планирањето и трошењето на средствата кои се издвоени во буџетот на оваа институција, што пак особено влијае врз уназадување на нивото на здравствена заштита на граѓаните и го ограничува пристапот до основните здравствени услуги, особено за ранливите категории на граѓани. За ова говорат податоците за бројот на изгубени животи  како резултат на несоодветно спроведување на здравствените политики (пример, за пет години умреле 203 жени од карцином на грло на матка) и бројот на проблеми со кои секојдневно се соочуваат пациентите (недостаток на гинеколози во примарна здравствена заштита, наплата за здравствени услуги кои се ослободени од плаќање, дискриминација при обезбедување на здравствените услуги, итн.).

## СЕКОЈА ГОДИНА ЗА БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО СЕ ИЗДВОЈУВААТ 3% ОД ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ ИЛИ 4% ОД ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ НА РМ

**Во периодот од 2012 до 2019 година, средствата од буџетот на Министерството за здравство претставуваат во просек** 4 % од вкупните средства издвоени со централниот буџет[1]. А пак, кога станува збор за нивното учество **во вкупниот буџет на државата**, истите учествуваат во просек со **3% на годишно ниво**. Ваквата пракса на издвојување на ист процент на средства за буџетот на Министерството за здравство, останува непроменета во изминатите седум години, што пак упатува на тоа дека и во 2019 година постулатите на кои се темелат буџетските проекции не се промени во однос на изминатите години. Односно, Владата на РМ наместо буџетот на државата да го планира според реалните потреби на граѓаните, истата врши едноставно математичко распределување на средствата по различни јавни сектори, вклучувајќи го и здравствениот сектор. Ваквата практика, пак упатува на континуирано кршење на член 2 од Меѓународната повелба за економски, културни и социјални права според која државата треба да издвојува максимално расположливи средства за задоволување на основните социјални и економски права на граѓаните, без дискриминација и преку прогресивна реализација. Ваквата пракса на издвојување на средства за здравствена заштита на граѓаните доведува до тоа да дел од граѓаните и понатаму останат надвор од здравствениот систем и не ги добијат потребните здравствени услуги.

**За буџетот на Министерството за здравство, во периодот од 2012 до 2019 година, Владата на РМ издвојува во просек 6.115.520.750 денари на годишно ниво, кои пак во текот на годината ги намалува во просек за 2,3 % или 140.354.179 денари.** Но и покрај, праксата на намалувањето на издвоените средства, министерството не располага со капацитети за целосно искористување на одобрените средства, односно **на крајот на секоја година во просек остануваат непотрошени 5 % од одобрените средства или 308.187.102 денари.** (Види Графикон 1). Важно е да се спомене дека ваквата пракса во буџетското работење на министерството се должи, пред се, на неколку причини, и тоа: недостаток на капацитети за планирање на средствата во буџетот на министерството, односно проектирање на повисок износ на средства без проценка на своите реални можности за нивна реализација; недостаток на капацитети за наплата на проектираните приходи воопшто во буџетот на државата, што пак негативно влијае врз буџетот на министерството преку кратење на средствата наменети за оваа институција; и на крај недостаток на координативни капацитети во рамки на министерството за ефикасно планирање и следење на спроведувањето на буџетските програми на оваа институција.

[1] Централниот буџет е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.




***Графикон 1.*** Движење на средствата во буџетот на Министерството за здравство за периодот од 2012 до 2019 година (во илјади денари)

*Извор: Усвоен буџет, изменувања и дополнувања на буџетот и завршна сметка од 2012 до 2019 година достапно на [https://finance.gov.mk/mk/node/575](https://finance.gov.mk/mk/node/575)*

## СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО СЕ МЕНУВААТ ВО ПРОСЕК ЕДНАШ ВО ТЕКОТ НА СЕКОЈА БУЏЕТСКА ГОДИНА СО ШТО СЕ НАМАЛУВА ЗА ВО ПРОСЕК 140 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

**Од 2012 до 2019 година, средствата кои се наменуваат за здравствена заштита на граѓаните се предмет на постојани измени или пак се менуваат во просек еднаш во текот н секоја буџетска година.** А пак, со секоја измена во просек се намалуваат за 2,3 % или 140 милиони денари. Во анализираниот период најголем износ на издвоени средства или 6.7 милијарди денари се издвоени во 2018 година (со усвоениот буџет), а пак најмалку во 2012 година или 5.4 милијарди денари (со првиот ребаланс на буџетот). **Буџетот на Министерството за здравство, во овој период, бележи тенденција на пораст, односно тој на годишно ниво се зголемува во просек за 3 %** (види графикон број 2). Следејќи го движењето на средствата кои се издвојуваат во буџетот на Министерството за здравство, може да се забележи дека најголем пораст во средствата се забележува во 2018 година кога со усвоениот буџет средствата пораснале за 14 % или за 808 милиони денари во однос на 2017 година, а пак највисок пад на средствата се забележува 2016 година кога со првиот ребаланс тие биле намалени за 9 % или за 581 милиони денари во однос на првично издвоените средства за оваа година. (Види Графикон 2)




***Графикон 2.*** Приказ на промени во буџетот на Министерството за здравство во текот на период од 2012 до 2019 година

*Извор: Усвоен буџет и изменувања и дополнувања на буџетот од 2012 до 2019 година достапно на https://finance.gov.mk/mk/node/575*

## СЕКОЈА ГОДИНА 6% ИЛИ 308 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ОД ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО ОСТАНУВААТ НЕПОТРОШЕНИ

**Министерството за здравство, за извршување на основните функции, секоја година во просек троши 5.6 милијарди денари или 94 % од вкупно расположливите средства.** Остатокот на непотрошени средства на крајот на секоја буџетска година, не се пренесуваат како расположливи средства за министерството во наредната, а пак намената за која истите се искористуваат не може да се утврди од информациите кои се јавно достапни.

**Највисоко ниво на реализација на буџетот на министерството се бележи во во 2012 година кога се потрошени 3 % повеќе средства од одвоените со буџетот** (според измените и дополнувањата на буџетот на министерството). Ваквото пак ниво на реализација на средствата ги прекршува основните принципи на буџетско работење утврдени со Законот за буџети и правилата за управување со јавни финансии според кои јавните институции не смеат да потрошат повеќе средства од проектираниот износ за тековната година. Во исто време, не постои образложение на што се должи ваквата состојба.

**Најнизок процент на реализација се забележува во 2017 година, кога биле потрошени 11% помалку средства од расположливите за таа година.** (Види Табела 1)

| Година | (1) Усвоен буџет | (2) Измени и дополнувања на буџетот 1 | (3) Измени и дополнувања на буџетот 2 | (4) Потрошени средства од буџетот | (5) Разлика помеѓу измените и дополнувањата на буџетот и потрошениот буџет | (6) Процент на реализација на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 5.529.529.000 | 5.397.615.000 | / | 5.545.387.756 | -147.772.756 | 103% |
| **2013** | 5.977.749.000 | 6.397.806.000 | / | 6.018.297.843 | 379.508.157 | 94% |
| **2014** | 6.238.218.000 | 5.980.591.000 | / | 5.560.408.818 | 420.182.182 | 93% |
| **2015** | 5.932.704.000 | 6.132.124.000 | / | 5.850.829.409 | 281.294.591 | 95% |
| **2016** | 6.496.989.000 | 5.915.777.000 | 5.887.719.000 | 5.630.782.047 | 256.936.953 | 96% |
| **2017** | 5.596.159.000 | 5.867.047.000 | / | 5.208.073.516 | 658.973.484 | 89% |
| **2018** | 6.674.765.000 | 6.163.264.000 | / | | | |
| **2019** | 6.478.053.000 | | | | | |

***Табела 1.*** Приказ на средствата во усвоениот, изменетиот и реализираниот буџет на Министерството за здравство за периодот од 2012 до 2019 година (во денари)

*Извор: Усвоен буџет, изменувања и дополнувања на буџетот и завршна сметка од 2012 до 2019 година достапно на https://finance.gov.mk/mk/node/575*

**ВО ПЕРИОДОТ ОД 2012 ДО 2019 ГОДИНА, СЕКОЈА ГОДИНА СРЕДСТВАТА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА РМ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ СЕ НАМАЛУВААТ ЗА 3%, А ПАК СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕМИ СЕ ЗГОЛЕМУВААТ ЗА 20%**

Во периодот од 2012 до 2017 година, во просек на годишно ниво се издвојуваат 4,9 милијарди денари од средствата прибрани преку наплата на даноци, такси и останати видови на изворни приходи, што пак претставува 83% од вкупниот буџет на министерството. За разлика од средствата од основниот буџет останатите извори на средства учествуваат во помал износ, односно средствата обезбедени од самофинансирачки активности (средства од вршење на основната дејност на министерството и дел од наплатениот износ за акцизи на цигари, етил алкохол и пиво) учествуваат со 7%, средствата од заеми со 7% и средствата обезбедени од донации со 3% во вкупните средства во буџетот на министерството за здравство. Кога станува збор за нивото на реализација на средствата од одделните извори на средба може да се воочи од основниот буџет и буџетот на заеми е трошат помалку средства од расположливите за 1% и 2% респективно. Кога станува збор за средствата во буџетот на самофинансирачки активности, се трошат 3% повеќе средства од расположливите, а пак од буџетот на донации се троши ист износ на средства како и расположливите. Повисокиот износ на потрошени средства во делот на буџетот на самофинансирачки активности пред се должи на повисокиот износ на остварени но нееевидентирани средства од наплата на дел од акцизите за цигари, етил алкохол и пиво. (види графикон број 3).

Во анализираниот период најголем пораст на средствата, од година во година, се бележи кај буџетот на самофинансирачки активности (31%) и буџетот на заеми (20%), а пак средствата од основниот буџет се намалуваат за 3% и средствата во буџетот на донации за 13%. Ваквата практика на намалување на средствата кои се издвојуваат од основниот буџет, и континуирано зголемување на средствата од заеми упатува на заклучокот дека здравството не е клучен приорите на Владата на РМ и здравствените услуги во иднина ќе зависат од средства обезбедени од заеми.




**Графикон 3.** Просечен годишен износ на планирани и реализираните средства во буџетот на Министерство за здравство, според видот на извори за периодот од 2012 до 2019 година (во денари)

*Извор: Усвоен буџет и завршна сметка од 2012 до 2017 година достапно на* https://finance.gov.mk/mk/node/575

**Финансиски поддржано од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS